Доделување на ваучер за купување на училишен прибор

Секој член на Синдикатот на РЕК Битола и родител на ученик кој оваа учебна година започнува во прво одделение, ќе добие ваучер за купување на училишен прибор.

Одлуката на Синдикалната подружница да додели вредносни ваучери на сите свои членови кои имаат првачиња се темели на фактот што почетокот на воспитно - образовниот процес не е само емотивен, туку и финансиски товар за семејствата. Затоа, со скромна поддршка во износ од 1.000 денари, Синдикатот на РЕК Битола сака да го помогне домашниот буџет на секој свој член кој испраќа прваче во некое од училиштата.

Извршниот одбор на Синдикатот на РЕК Битола донесе одлука и за доделување на парични награди на десетина вработени во рудниците на комбинатот кои со својот труд и залагање се истакнале помеѓу двата празници на рударите.

Синдикатот на РЕК Битола годинава за првпат додели вредносни ваучери за купување училишен прибор за првачиња. Активноста е продолжение на заложбите на Синдикалната подружница, согласно можностите со кои располага, да им излезе во пресрет на различни категории вработени кои членуваат во организацијата.